МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E SHOQËRISË INFORMATIKE DHE ADMINISTRATËS
СКОПЈЕ - SHKUP
Примено: / E pranuar: 22.01.2021
Орг. Един. / Nj. org.

Република Северна Македонија
Министерство за информатичко општество и администрација
Примено: 22.01.2021

| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 14-518/1 | | | |

# Записник од 20-та седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК)

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Место на одржување** | Online седница | | |
| **Датум** | 25.12.2020 година | **Време** | 14.00 – 15:45 часот |
| **Бр. на седница** | 20-та седница | | |
| **Состанокот го води** | Димитар Буковалов, претседател на НКБК | | |
| **Учесници** | **Поканети:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Сашко Мукаетов – член на НКБК<br>5. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>6. Славица Настеска – член на НКБК | **Присутни:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Сашко Мукаетов – член на НКБК<br>5. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>6. Славица Настеска – член на НКБК | |
| **Други присутни на состанокот** | Д-р Александра Наќева Ружин (координатор на Националната платформа за учење на далечина на Министерството за образование и наука), Љубен Талев, Милан Николовски, Николче Мицкоски (независни експерти). | | |
| **Логистичка поддршка** | Мишко Талески, Владимир Соколов, Владимир Радосављевиќ и Букурије Јашари Мемети (МИОА) | | |

## ДНЕВЕН РЕД

1. Дискусија со д-р Александра Наќева Ружин (координатор на Националната платформа за учење на далечина), со цел утврдување можна соработка на НКБК и МОН во делот на надлежностите на НКБК, а кои се поврзани со тековните активности на МОН во однос на учењето на далечина ;
2. Усвојување на Записникот од седницата на НКБК која се одржа на 18.12.2020 год.;
3. Започнување со подготовка на Препораки за утврдување збирки податоци потребни за поддршка на процесите на планирање и проектирање на бродбенд мрежи, согласно усвоени национални планови/стратегии на Владата и привилегии за пристап до истите;
4. Разно.

;

**Тек на седницата**

Претседателот на НКБК, Димитар Буковалов ја отвори 20-та редовна седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК) која се одржа online, при што утврди дека се присутни сите членови на НКБК, со што телото може полноважно да одлучува.

**За првата точка од дневниот ред,**

Во рамките на првата точка, претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, информира дека на седницата е присутен и координаторот на Националната платформа за учење на далечина, д-р Александра Наќева Ружин, која на почетокот на седницата беше запознаена со надлежностите и активностите на НКБК. Буковалов информира и за усвојувањето на НОБП од страна на Владата како и за постојниот процес на усвојување на Националната ИКТ стратегија.

Членот на НКБК, Анастас Мишев, од своја страна напомена дека доколку е неопходно и итно во наредниот период НКБК може да предложи пилот проекти за покривање на бели зони со цел подобрување на процесот на учење на далечина, па оттука од големо значење би била координацијата пред се со Министерството за образование и наука. Заради тоа, битни се информациите околу состојбата пред се во руралните средини, како и проблемите со кои се соочуваат во Министерството за образование и наука.

Буковалов напомена дека при подготовката на Студијата за изводливост за изградба на НТОМ од значење ќе бидат информациите и податоците за тоа во кои училишта учениците најмалку користат учење на далечина во државата, со цел тие области и училишта да имаат приоритет за покривањето/поврзување со бродбенд мрежи, односно со интернет. Согласно НОБП, целта е сите училишта да се поврзат со оптика, со што ќе се анулираат постоечките проблеми со слабите интернет конекции во образовните установи.

Наќева Ружин информира дека обезбедувањето на дигиталната инфраструктура е круцијално за успешно спроведување на учењето од далечина. МОН е упатено на соработка со МИОА, па оттука споделувањето на сите податоци кои ги имаат двете министерства е во интерес на поефикасна дигитална инфраструктура, со цел успешно одвивање на процесот учење од далечина. Покрај ова, неопходна е соработка и со локалната самоуправа и градоначалниците, пред се во делот на поврзувањето со интернет.

Таа соопшти дека во Министерството за образование и наука се подготвува и нова Национална стратегија за дигитализација во образованието. Наќева Ружин навести дека голем дел од она што се нарекува дигитално образование, ќе продолжи и во периодот после пандемијата, што ќе биде уредено со стратегијата која се подготвува. Во таа насока, Наќева Ружин побара да и биде доставен НОБП како и Националната ИКТ стратегија.

Сашко Мукаетов побара на членовите на НКБК да им биде доставен предлог текстот на Националната стратегија за дигитализација во образованието, со цел вклучување на НКБК заради подобра координација на целиот процес. Од страна на Наќева Ружин беше истакнато дека стратегијата треба да се достави до Влада за усвојување веќе овој јануари а за доставување на предлог стратегијата на членовите на НКБК треба да се координира со МОН.Таа преложи НКБК доколку има предлози истите да ги достави до МОН.

Од страна на Зоран Дервишов беше поставено прашање дали МОН е извор на информациите за местоположбата на образовните институции кои ЈП МРД ги мапира согласно обврските утврдени во НОБП и беше потенцирана важноста при планирањето на бродбенд мрежите и воопшто, при имплементацијата на НОБП да се користат официјални податоци обезбедени од надлежните институции. Во однос на ова Наќева Ружин истакна дека најдобро е официјално да се побараат информации од МОН.

Во продолжение на седницата беше утврден предложениот дневен ред, кој едногласно беше усвоен од членовите на НКБК.

**За втората точка од дневниот ред,**

Во однос на втората точка, членовите на НКБК едногласно го усвоија записникот од 19-та седница, одржана на 18.12.2020 година.

**За третата точка од дневниот ред,**

Во однос на точката за започнување со подготовка на Препораките за утврдување збирки податоци потребни за поддршка на процесите на планирање и проектирање на бродбенд мрежи, согласно усвоените национални планови/стратегии на Владата и привилегии за пристап до истите, членот на НКБК, Зоран Дервишов, истакна дека станува збор за поголем сет на податоци кои треба да се обезбедат, а кои ќе помогнат во процесот на планирање на Националната транспортна оптичка мрежа (НТОМ) – податоци за подземна инфраструктура, урбанистички планови и сл.

Претседателот на НКБК, Буковалов, предложи да се формира работна група која ќе работи на подготовка на препораките, а Славица Настеска потенцира дека во процесот потребно е да бидат вклучени и претставници на Македонската радиодифузија и Агенцијата за електронски комуникации.

Координатор на работната група ќе биде Зоран Дервишов, додека во истата ќе учествуваат Димитар Буковалов, Зоран Мурџев и Анастас Мишев.

**За четвртата точка од дневниот ред,**

Во рамките на точката „Разно„ не се покренаа теми за дискусија.

Записникот го водеше претседателот на НКБК

**Димитар Буковалов** ____________________